# FORMS AND METHODS OF WORKING WITH GIFTED STUDENTS IN PRIMARY SCHOOL

**Slavica Nedelkova**
Municipal Primary School “Goce Delcev” Shtip, North Macedonia, slavica.nedelkova@gmail.com
**Emilija Petrova**
Municipal Primary School “Goce Delcev” Shtip, North Macedonia, emilijapetrova27@yahoo.com

**Abstract:** Giftedness is an inexhaustible topic for continued research and study. Many scientists, psychologists and pedagogues who are interested in and study this topic, focus on the school as one of the important factors for identifying, supporting and developing gifted students. They consider the school as an environment that stimulates and motivates them in the development of their potential. Also, the school is required to develop a system of measures that will ensure the specific educational needs of gifted students are met.
With this paper, we want to highlight and recall the forms of working with gifted students that teachers can and should apply in their schools and their classrooms.
The school as a basic institution for education and upbringing, is an environment in which a free, creative, humane and democratic person should develop.
Modern schools, “new schools”, and “schools tailored to children” should provide opportunities for the development of the individual potential of gifted students.
In order for the school to be an environment where giftedness will be discovered, nurtured and developed in addition to the material and technical conditions, and pedagogical and psychological support, it is necessary to apply modern methods, techniques and forms for working with such students. In the process of creating a stimulating and adequate environment for gifted students, very important elements are the competencies of teachers working with gifted students, as well as pedagogical-didactic methods and strategies for working with gifted students.
**Keywords:** gifted students, forms of work, pedagogical guidance

# ФОРМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Славица Неделкова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, slavica.nedelkova@gmail.com
**Емилија Петрова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, emilijapetrova27@yahoo.com

**Резиме:** Надареноста претставува неисцрпна тема за континуирано истражување и проучување. Многу научници, психолози и педагози, кои се интересираат и ја проучуваат оваа тематика во фокусот го ставаат училиштето како еден од важните фактори за идентификување, поддршка и развој на надарените ученици. Го сметаат училиштето како средина која ги стимулира и мотивира во развојот на нивниот потенцијал. Исто така, од училиштето се бара да развие систем на мерки кои ќе обезбедат задоволување на специфичните образовни потреби на надарените ученици.
Со овој труд, сакаме да ги истакнеме и да потсетиме на формите за работа со надарените ученици кои наставниците можат и треба да ги применуваат во своите училишта и во својата училница.
Училиштето како основна институција за образование и воспитание е средина во која треба да се развива слободна, креативна, човечка и демократска личност. Модерните училишта, „новите училишта“, „училиштата по мерка на децата“ треба да овозможат можности за развој на индивидуалниот потенцијал на надарените ученици. За да може училиштето да биде средина каде ќе се открие, негува и развива надареноста покрај материјално – техничките услови, педагошко психолошката поддршка, потребно е да се применуваат современи методи, техники и форми за работа со ваквите ученици. Во процесот на создавање на стимулативна и адекватна средина за надарените ученици многу важени елементи се и компетенциите на наставниците за работа со надарени ученици какои педагошко – дидактичките методи и стратегии за работа со надарените ученици.
**Клучни зборови:** надарени ученици, форми на работа, педагошко водење

## 1. ВОВЕД

Образовниот процес во училиштата е сложен и динамичен. Тој ги активира интелектуалните способности, апстрактното резонирање, помнење, мечтаење вклучувајќи ги волевите и емоционалните елементи на личноста. Наставата допринесува за целокупниот развој на личноста на ученикот, ги ангажира сите негови потенцијали, развивање на самостојното мислење, развивање на способностите и стекнување на вештини за нови непознати ситуации.

Една од основните задачи на воспитно – образовниот процес во нашите училишта е стекнување на знаења, компетенции, способности и вештини на сите ученици и стекнување на услови за подеднаков развој на учениците без разлика дали се просечни, ученици со потешкотии или надарени и талентирани ученици.

Но, дали успеваат нашите училишта да ги идентификуваат и развиваат сите потенцијали на учениците и дали надарените и талентирани ученици се во фокусот на интересирањето на државата.

Со овој труд, сакаме да скренеме внимание и да ги потсетиме наставниците дека во училиштата има талентирани и надарени ученици и да се потсетиме како и на кој начин треба да работиме со нив.

Свесни сме, дека во нашите училишта, преовладува класичната настава во која не постои можност секој ученик да се развива според своите можности, способности и вештини. На овој начин се оштетуваат и учениците со потешкотии, но и талентираните и надарени ученици.

## 2. ТЕОРЕТСКИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Темата на овој труд е поврзана со надарените ученици. Под поимот надарен, се подразбира општа надареност, висока интелектуална способност, па според тоа ваквите ученици треба да се образуваат според своите способности по кои се разликуваат од останатите ученици.

Надареноста е еден вид збир на карактеристики врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигне исклучително високи натпросечни перформанси во една или повеќе области на човековата активност. (Koren, 1989:9)

Постојат различни теории кои даваат опис на надареноста. Овде ќе ги спомeнеме трите најчести теории. Вредноста на овие теории е во тоа што на оригинален начин ги решаваат врските помеѓу трите клучни поими: креативност, способност и личност.

**Теоријата на Стенберг за надарените личности**

Стенберг ја опишува надареноста како исклучителна, необична интелигенција. Надареноста не е иста кај сите луѓе, ниту пак интелигенцијата. Таа може да се достигне на различни начини и се манифестираат низ различни форми. Најважните интелектуални карактеристики на креативно надарените личности се нивните способност да ги согледаат проблемите на поинаков начин од другите луѓе, да размислуваат различно за можни решенија и да користат процеси на увид при решавање на проблеми или исполнување на задача. Поединците може да ги имаат истите високи способности, но нивните достигнувања ќе бидат различни бидејќи тие

тие се разликуваат едни од други по тоа како ги користат своите способности. Способноста, знаењето, когнитивниот стил, особините и мотивацијата се претвораат во креативна надареност во интеракција со средината во која се наоѓа личноста. Животна средина има најголемо влијание врз развојот на креативноста со својата опрема, содржини и ориентации.

**Теоријата на Ренцули за надарено однесување**

Ренцули под надареност подразбира надарено однесување. Ја одразува интеракцијата на трите групи карактеристика: натпросечни интелектуални способности, високо ниво на посветеност на задачата и високо ниво на креативност. Надарени и талентирани деца се оние кои го поседуваат овој композит од способности. Надареноста на децата, според него, се разликува од надареноста на возрасните. Децата можат да бидат надарени така што  успешно ќе ги исполнуваат задачите кои им се поставени на училиште и дома, покажувајќи голема способност за учење.

**Гањевата теорија за надарените достигнувања**

Гања, во центарот на неговите интереси ги поставува надарените достигнувања. За Гање, надареноста е надпросечна способност и компетентност во една или повеќе области. Надареноста значи поседување и користење неизвежбани и спонтано изразени природни способности барем во една област, што му овозможува на детето да биде во оние 15% најдобри ученици.

## 3. ФОРМИ, МЕТОДИ И ОБЛИЦИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ

Кај нас работата со надарени и талентирани ученици започнува во 1974 година, со Законот за основно и средно образование, каде се предвидува обврска на училиштето да организира додатна воспитно – образовна работа со надарени ученици. Со Законот за предучилишно и основно воспитание и образование од 1976

година, е предвидена училишната акцелерација за надарени ученици со цел нивно забрзано напредување во школувањето. Со Законот за основно образование од 2020 година, овие две форми се сè уште застапени и ништо друго не е предвидено за оваа група на ученици.

За формите на работа со надарени ученици, во другите држави се направени многу истражувања, но не и кај, нас. Б. Кларк (1983), врз основа на искуства од повеќе земји, заклучува дека во основното образование најчесто се користат три форми на работа со надарени ученици: групирање според способностите на учениците, акцелерација и збогатување. И. Корен (1987) истакнува три форми на работа со овие ученици: акцелерација, издвојување и обогатување. Б.Ѓорѓевиќ (1979), ги истакнува следниве форми на работа: редовни одделенија со збогатени програми, хомогено групирање во паралелки, делумно хомогено групирање, специјализирани паралелки, специјализирани училишта, индивидуализација, акцелерација и додатна настава.

Во САД се посветува најголемо внимание на надарените ученици и оттаму произлегуваат и најголемите искуства во работата со надарените ученици. Како најефикасни форми на работа со надарените ученици биле училиште без одделение, хомогено групирање во одделенија, делумното хомогено групирање и училишната
акцелерација.

Во нашата земја како посебно издвоени форми за работа со надарените ученици се додатната настава и акцелерација. Во поново време акцент се става на индивидуализација на наставата (за која не постојат услови), како и диференцирана настава со диференцирани методи и средства за работа но во склоп на редовниот час. Покрај овие две најзастапени форми се организираат и други форми надвор од училиштето како што се различните секции, курсеви, натпревари и други вонаставни активности. Додатната настава и училишната
акцелерзција законски се пропишани и се смета дека се најадекватни за задоволување на надареноста во наши услови.

Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава претставува интегрален дел на програмската структура во основното училиште. Таа е регулирана со Закон за основно образование и воспитание и е застзпена со по еден час неделно од II до IX одделение. Целта на оваа настава е да ги стимулира и максимално да ги развива способностите на учениците во сообразност со нивните интереси и потреби за стекнување пошироки знаења од обласа што ги интересира.

Училишната акцелерација е наменета за задоволување на квантитативната димензија на надареноста. Акцелерацијата во основното образование, која како потреба е законски пропишана, како форма на рационализација на наставната работа е од големо значење за развојот и педагошката работа со надарените ученици. Нејзината суштина е на изразито способните ученици да им овозможи побрзо да напредуваат од одделение во одделение, односно своето образование да го завршат за пократок временски период. Во основното училиште, училишната акцелерација се јавува во повеќе форми, и тоа како: предвремено запишување на децата во прво одделение, забрзано напредување на учениците во одделенска настава и забрзано напредување на ученици во предметна настава.

Како едни од позначајните форми за работа со надарените ученици (групирање според способностите на учениците), ќе ги издвоиме и анализираме:

- Групирање во редовни паралелки и редовни паралелки со подгрупи. Традиционалната и класична настава во нашите училишта, не е погодна за ваква форма на работа со оглед на тоа дека имаме фронтална форма на работа со учениците, крута и нефлексибилна наставна програма што не се во согласност со специфичните потреби на надарените ученици и поради тоа оваа форма само го гуши и потиснува развојот на надарените ученици.
- Групирање во редовни паралелки до додатна настава. Надарените ученици ја следат редовната настава, но дел од времето поминуваат во продлабочување на своите знаења преку организирање на додатна настава. Предноста на оваа форма е тоа што, надарените ученици имаат посебни услови за учење, задоволени се нивните потреби и способности по области од нивен интерес, комуницираат со другите надарени ученици. Како недостаток, можеме да го издвоиме временското ограничување за реализирање на ваква настава со оглед на тоа што, овие ученици треба да посетуваат редовна настава и по завршувањето на истата да следат додатна настава, а училишната организација во нашите училишта тоа не го дозволува бидејќи најголем дел од училиштата работат во две смени.
- Групирање во индивидуализирани паралелки. Во овие паралелки наставата се изведува индивидуално или во мали флексибилни групи. Наставникот изготвува наставна програма и обезбедува материјали за секој ученик посебно, во согласност со неговите интереси и способности. Во ивие паралалки можат да се сретнат

ученици од различна возраст бидејќи наставата не е фокусирана на наставна програма по возраст. Оваа флексибилна група и флексибилен начин на работа ќе го карактеризираме како предност за работа со надарените ученици. Втора предност на ова форма на работа е во тоа што на учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо и континуирано да учат. Како недостаток ќе го издвоиме чувството на овие надарени ученици дека се мала изолирана група.

-Хомогено групирање во одделенија. Во оваа форма на работа учениците се распределуваат во одделенија според нивото на способностите и вообичаено се класифицираат во три групи: најдобри, средни и најслаби. Наставните дисциплини во овие три одделенија се исти, но се различни барањата што се поставуваат пред учениците.

- Групирање во специјализирани паралелки. Оваа форма на работа е најсоодветна за високо надарените од предметна настава во основното и во средно образование. Обично, бројот на овие паралелки е ограничен на една до две во регионот за одредена област на изучување, а изборот на ученици се врши по одредени критериуми. Наставата се изведува исто како редовната настава, меѓутоа работат двајцаили повеќе наставници во една паралелка. Предност на оваа форма на работа со надарените ученици е што програмата и условите се во согласност со нивните потреби.

- Групирање во специјализирани училишта. Тоа се специјализирани училишта за работа со екстремно надарени ученици кои се избораат по строги критериуми. Наставата во овие паралелки се реализира на ист начин како и редовната настава, но обично најчесто за определена група предмети се ангажирани двајца или повеќе надарени учители.

Работата по збогатена програма претставува посебна форма за работа со надарените ученици. Истата овозможува продлабочување на знаењата умеењата и способностите на надарениот ученик во една или повеќе области. Оваа форма е застапена во традиционалните училишта со напредните ученици. Збогатената програма од учениците бара продлабочено толкување на предметите и појавите кои се проучуваат, за што се потребни соодветни услови (лаборатории, работилници, кабинети и слично), како и поседување на богата литература од соодветната област. Предност на работата по збогатена програма е тоа што на учениците им овозможува да ги задоволуваат нивните потреби за продлабочени знаења, без притоа да бидат одделени од соучениците. Недостаток на оваа форма на работа со надарените ученици е тоа што нејзината примена бара специфични услови за работа кои се тешко остварливи и финансиски и инфраструкттурно во нашите традиционални училишта.

Во традиционалните училишта во РСМ како најчести форми за работа со надарените ученици се додатната настава, учество на овие ученици во училишните секции, индивидуализирана подготовка за натпревари, од страна на наставник – ментор и секција за подготовка на нагледни средства.

Потребата на надарените ученици бара изработка на диференцирани, индивидуализирани, модифицирани и ревидирани наставни програми во согласност со нивните интереси и способности. Затоа, во последно време, се инсистира на диференциран пристап со овие ученици за време на редовната настава како и индивидуализирана настава.

Споменативе видови на настава, односно диференцираниот пристап е „таков пристап со кој, во наставната работа, се тежнее за планирање и примена на разновидни наставни методи, облици на наставна работа и наставни средства, кои се во согласност со индивидуалниот капацитет на ученикот. (Jovanović i Minić, 2018: 127).

Менторската настава и методите кои се користат, некои автори, ја сметаат за најпогодна за работа со овие ученици бидејќи претставува неформална комуникација, лице во лице, која се одвива помеѓу наставникот – ментор и ученикот. Оваа настава подразбира самостојна работа на ученикот на тема, од негов интерес, и во консултација со наставникот, кој го поттикнува, насочува и мотивира. На ученикот му се дава одредена слобода да истражува, експериментира и набљудува и на тој начин да ги задоволи своите образовни потреби.

Проблемската настава или проблемскиот метод на работа, се состои во обезбедување на проблемски ситуации кои не можат да се решат на вообичаен начин и со просечно размислување. Оваа настава, нуди можност на усогласување на проблемските ситуации со индивидуалните способности на ученикот. Решавањето на проблемот, подразбира, самостојно откривање на законитости и му се овозможува на ученикот да дојде до слободни, оригинални и креативни решенија. (Đorđević i Đorđević, 2016).

Хеуристичка настава или хеуристички метод се базира на мисловно водење на ученикот. Овој термин е изведен од грчки и во основа значи „да се најде“ и „да се измисли“. За надарените ученици е значајна по тоа овозможува полна интелектуална мобилност, согледување на врските и односите меѓу појавите и процесите итн. (Jovanović i Minić, 2018).

Ќе ја споменеме и програмираната настава, која исто така, овозможува на учениците да се ангажираат според своите способности во текот на редовната настава. Со ова ќе се спречи досадата, а ќе се развива интелектуалната заинтересираност и љубопитност. Со оваа настава се зголемува самоактуелизацијата кај учениците.

Интегративната настава, моѓе да се организира во редовната настава, со цел да се пробудат интересирањата и да се ангажираат надарените ученици. На овој начин, учениците се мотивираат да истражуваат еден проблем од повеќе аспекти и да прават синтеза на знаењата, поттикнувајќи ги учениците на самодоверба и да можат полесно да го искажуваат своето мислење.

Проектната настава или работа на проекти подразбира работа на проект / задача која учениците сами си ја поставуваат и самостојно ја извршуваат, а наставникот обезбедува услови за пријатна работна атмосфера. (Muratović i Musić, 2017).

Најдобар пристап, како го наведуваат авторите Arsić i Vučinić (2013:34), е оној кој создава услови и овозможува откривање, ослободување и развивање на своите потенцијали и способности, уважувајќи ги можностите и образовните потреби. Во оваа смисла, индивидуализираната настава претставува настава ориентирана кон реално надарените ученици, земајќи ги во предвид различностите помеѓу нив, нудејќи различни методи, техники и постапки во согласност со тие различности, со што ќе се овозможи напредување на ученикот според сопствените можности и со сопствено темпо. Оваа настава, всушност е прилагодување на методите и дидактичките активности спрема учениците водејќи сметка за нивните индивидуални карактеристики. Индивидуализираната настава подразбира вклучување на најразлични облици, постапки методи во наставата. Познатиот швајцарски педагог и социолог, Роберт Дотран (R. Dottrens) укажува дека „ организацијата на индивидуалната работа во одделението и нејзината поврзаност со колективната настава или со тимската работа, претставува хармонично единство на наставни техники за работа базирани на една концепција за интелектиално образование и воспитание.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Можеме да заклучиме дека во теоријата и праксата постојат разновидни форми, методи и облици за работа со надарени и талентирани ученици. Меѓутоа, работата со надарените ученици претставува голем предизвик, но и задоволство, особено за наставниците како клучен мотиватор и фактор за идентификација и развој на надарените ученици.

Редовната класична настава, не овозможува работа со надарените ученици, а секој друг облик на работа со специфични методи, форми и средства, конкретно за вакви ученици, бара комепативни наставници, време, простор, материјални и финансиски средства, како и задоволување на инфраструктурни услови.

Во нашите училишта, најзастапени се додатната настава, работа во секции и акцелерацијата. Ретко, некаде се применуваат други форми, облици и методи за работа со надарените ученици. И самата држава, оваа категорија на ученици ги маргинализира, а еден доказ за тоа е и неспроведувањето на законската обврска ,од Законот за основното образование (2020), за изработка на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици од страна на БРО.

Промени се случуваат. Се надеваме дека работата со надарените ученици ќе биде сериозно сфатена, прво од државните органи кои се занимаваат со образованието и воспитанието, а понатаму преку системски решенија, овие ученици ќе добијат соодветен третман и во училиштата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Малчески, Р., & Малческа, Ц. (2019). Работа со надарени ученици (второ издание), Армаганка, Скопје

Arsić, Z. M., & Vučinić, D. S. (2013). Individualizovana nastava u funkciji podsticanja razvoja darovitosti i kreativnosti kod učenika, Zbornik radova Filozofskog fakulteta u Prištini, 43/2, 25–39.

Brigandi, B. C., Gilson, M. C., & Miller, M. (2019). Proffesional Development and Differentiated Instruction in an Elementary School Pullout Program: A Gifted Education Case Study. Journal for the Education of the Gifted 00(0).

Chudina-Obradović, M. (1991) Nadarenost – razumijevanje, prepoznavanje, razvijanje. Zagreb: Školska knjiga.

Cvrtila, M. (2014) Reforma obrazovanja: Mali genijalci u školi će imati posebni program. Članak objavljen u: Jutarnji list, 11.04.2014. URL: http://www.jutarnji.hr/template/article/article-print.jsp?id=1182272

Jovanović, M. M., & Minić, V. L. (2018). Vrste nastavnog rada sa darovitim učenicima u redovnoj nastavi. Baština, 46, 125–142. Превземено на 10.9.2023, од https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0353-9008/2018/0353-90081846125J.pdf.

Đorđević, J., & Đorđević, B. (2016). Priroda darovitosti i podsticanje razvoja. Beograd: Srpska akademija obrazovanja.

Đorđevič, B. (1979). Individualizacija vaspitanja darovitih.Institut za pedagoška istraživanja.Beograd,str.81
Koren, I. (1989). Kako prepoznati i identificirati nadarenog učenika. Zagreb: Školske novine.
Koren, 1.(1987). Pogled na pojavu nadarenosti i ulogu nadarenih pojedinaca u savremenom svjetu.Prosvjetni savjet Hrvatske.Zagreb,str.26
Marković, O. (2020). Moć darovitih učenika - Priručnik za nastavnike, Obodsko slovo, Podgorica
Muratović, L. N., & Music, M. M. (2017). Oblici vaspitno-obrazovne podrške potencijalima darovitih učenika u razrednoj nastavi. Inovacije u nastavi – časopis za savremenu nastavu, 30 (1), 96–107.
Skupnjak, D. (2019). Socio – emocionalne osobitosti darovitih i moguće poteškoće. Varaždinski učitelj- digitalni stručni časopis za odgoj i obrazovanje godina 2/broj 2/ 2019.